Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 03-1504**
**25.11.2025 год.**

Врз основа на член 67 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2019 и 460/2023-Анекс), член 162 став 3 и член 170 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 178/2021 и 58/2024) и Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 0202-1087/14 од 01.09.2025 година, Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје распишува:

## ОГЛАС
## за избор на стручни соработници за учебната 2025/2026 година

За учебната 2025/2026 година се распишува оглас за избор на **стручни соработници** како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и тоа на:

1. **Предмет: Хистологија со ембриологија 1 и 2** *(I и II семестар) и* ***Хистологија со ембриоогија*** *(I и II семестар) на студиската програма на Англиски јазик* - 1 соработник

2. **Предмет: Паразитологија и паразитарни заболувања** *(V и VI семестар)* – 1 соработник

3. **Предмет: Биологија и патологија на риби и Биологија и патологија на пчели** – 1 соработник *(IX и X семестар)*

4. **Предмети: Репродукција** *(VII, VIII семестар)*, **Менаџмент на здравје на стадо** *(VII семестар)* **и Клиничка пракса на фармски животни** *(XI семестар)*– 1 соработник

5. **Предмет: Внатрешни болести на преживни животни** *(VII и VIII семестар)* – 1 соработник

6. **Предмет: Општо сточарство** *(III семестар)* **и Специјално сточарство** *(IV семестар)* - 1 соработник

7. **Предмет: Специјална исхрана на домашните животни** *(IV семестар)* - 1 соработник



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

8. **Предмет: Патолошка морфологија** *(V и VI семестар)* и **Судско ветеринарство и ветеринарна етика** *(X семестар)* - 1 соработник

9. **Предмет: Анатомија на животните 1 и 2** *(I и II семестар)* и **Клиничка анатомија на животните** *(V семестар)* – 1 соработник

**II**. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови, согласно член 170 став 3 од Законот за високо образование

- Да се во редовен работен однос на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје,
- Да има завршено прв циклус на академски студии со најмалку 240 ЕКТС кредити од соодветната област,
- Да има искуство во струката од најмалку три години,
- Да има познавање на најмалку еден странски јазик.

**Во својата пријава, кандидатите задолжително да наведат за кој предмет аплицираат.**

**III.** Со пријавата (во прилог), кандидатите поднесуваат докази за исполнетост на условите утврдени во огласот: потврда за редовен работен однос, уверение за положени испити, куса биографија (CV) и потврда за познавање на еден странски јазик, во архивата на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје, на ул. Лазар Поп Трајков бр. 5-7.

**IV.** Огласот трае пет работни дена од денот на објавувањето.

Декан,
Проф. д-р Деан Јанкулоски

Да се достави до:
- Огласна табла
- Вебстрана
- Архива



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk